ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ул. „Светозар Марковиќ“ 1
тел./факс 033 411 550
E-mail:info@delcevo.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 9**

**03.10.2016 година**

**Службен гласник на општина Делчево** **Уредува**
**Излегува по потреба** **Одделение за ,правни и општи работи**
**Гласникот е бесплатен**

**Септември 2016**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 03.10. 2016 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од 42. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на **42.седница** која се одржа на ден **30.09.2016** година и тоа:

1.**Одлука** за финансирање на проекти по пат на задолжување;

2.**Заклучок** за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот на општина Делчево за 2016 година за квартал 2;

3.**Одлука** за вклопување на бесправно-изграден објект во урбанистичко-планска документација помошен објект на ГД „Гранит"-АД Скопје;

4. **Одлука** за вклопување на бесправно-изграден објект во урбанистичко-планска документација помошен објект за наплата во функција на терминал на ГД „Гранит"-АД Скопје;

5.**Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за учебната 2015/2016 ;

6.**Заклучок** за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за учебната 2016/2017;

7. **Мислење** за изведување на Програмата за реализација на еднодневна ученичка екскурзија на ученици од трето одделение во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево;

8.**Мислење** за изведување на Програмата за реализација на дводневна ученичка екскурзија низ РМ на ученици од шесто одделение во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево;

9.**Мислење** за изведување на Програмата за реализација на тридневна ученичка екскурзија низ РМ на ученици од деветто одделение во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево;

10.**Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за учебната 2015/2016;

11.**Годишна** програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за учебната 2016/2017 со Заклучок за усвојување;

12.**Одлука** давање согласност на ООУ „Св.Климент Охридски" за продажба на дотраени средства и материјали од реновирање на училишен објект;

13.**Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2015/2016;

14.**Заклучок** за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2016/2017;

15.**Заклучок** за усвојување на Елаборат за проценка на штета од мраз на подрачјето на општина Делчево.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 08-2282/1**
**03.10.2016 год.**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Дарко Шехтански,с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и Јавниот повик МСИП2 бр.01/2016 за доставување на барање за користење на средства од МСИП2 предвидени во компонента А-општински инвестиции, Советот на Општина Делчево на својата 42. седница одржана на 30.09.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансирање на проекти по пат на задолжување**

Член 1

Советот на Општина Делчеводонесува Одлука за финансирање на проекти по пат на задолжување кои се утврдени како приоритети со проценета проектанстска вредност, за користење на средства од МСИП2 предвидени во компонента А-општински инвестиции и тоа:

- Основен проект за реконструкција на дел од ул. „Маршал Тито" во Делчево;
- Основен проект за реконструкција на ул. „Орце Николов" и ул. „Скопска" во Делчево;
- Основен проект за реконструкција на ул. „Кеј на Брегалница" во Делчево;
- Основен проект за реконструкција на ул. „Вера Јоциќ" во Делчево;
- Основен проект СРЦ-Делчево улици, дел за „Улица 7" во Делчево

Член 2

Оваа одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Делчево"

**Број 09-2258/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**2.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на општина Делчево, на својата 42.редовна седница, одржана на ден 30.09.2016 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево**
**за квартал 2**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2016 година, за квартал 2, за периодот од 01.01.2016 до 30.06.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 09-2259/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**3.**

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа

("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1 алинеа 6, од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11, 162/12 и 95/13 ), Советот на Општина Делчево, на својата 42.редовна седница, одржана на ден 30.09.2016 година донесе

**ОДЛУКА**

**за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација-помошен објект на ГД Гранит АД Скопје**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број УП1 12-313 од 14.03.2016 година, од страна на ГД Гранит АД Скопје, а кое се однесува на бесправно изграден објект-портирница во функција на терминал, изграден на КП број 5114/2, КО Делчево, на улица "Булевар Македонија" во Делчево, Советот на Општина Делчево констатира дека бесправниот објект е изграден на земјиште на ќое согласно важечката упбанистичко – планска документација е предвидена изградба на сообраќајна инфраструктура и е утврдено да се донесе урбанистичко – планска документација со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди и истиот може да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-2260/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 година** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Христов,с.р.**

**4.**

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1 алинеа 6, од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11, 162/12 и 95/13 ), Советот на Општина Делчево, на својата 42. редовна седница, одржана на ден 30.09.2016 година донесе

**ОДЛУКА**

**за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација-за наплата во функција на терминал на ГД Гранит АД Скопје**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број УП1 12-312 од 14.03.2016 година, од страна на ГД Гранит АД Скопје, а кое се однесува на бесправно изграден објект-за наплата во функција на терминал, изграден на КП број 5114/5, КО Делчево, на улица "Булевар Македонија" во Делчево, Советот на Општина Делчево констатира дека бесправниот објект е изграден на земјиште на кое согласно важечката упбанистичко – планска документација е предвидена изградба на сообраќајна инфраструктура и е утврдено да се донесе урбанистичко – планска документација со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди и истиот може да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-2261/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 година** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Христов**

**5.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево"), Советот на Општина Делчево, на својата 42.редовна седница, одржана на ден 30.09.2016 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2015/2016**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за учебната 2015/2016 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-2262/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**6.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево"), Советот на Општина Делчево, на својата 42.редовна седница, одржана на ден 30.09.2016 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2016/2017**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2016/2017 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-2263/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**7.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр. 5/2002) и

Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на 42.редовна седница, одржана на ден 30.09.2016 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за реализација на еднодневна ученичка екскурзија**
**за ученици од трето одделение**
**при ООУ „Ванчо Прке – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на еднодневна ученичка екскурзија за ученици од трето одделение при ООУ „Ванчо Прке"– Делчево бр.10-128/2 од 13.09.2016.

2. Мислењето да се достави до Училиштниот одбор на ООУ „Ванчо Прке" – Делчево.

**Број 09-2264/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**8.**
Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на 42.редовна седница, одржана на ден 30.09.2016 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за реализација на дводневна ученичка екскурзија**
**низ РМ за ученици од шесто одделение**
**при ООУ „Ванчо Прке – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на дводневна ученичка екскурзија низ РМ за ученици од шесто одделение при ООУ „Ванчо Прке"–Делчево бр.10-129/2 од 13.09.2016.

2. Мислењето да се достави до Училиштниот одбор на ООУ „Ванчо Прке" – Делчево.

**Број 09-2265/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**9.**Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево,а согласно член 7 став 1 од

Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на 42.редовна седница, одржана на ден 30.09.2016 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за реализација на ученичка екскурзија**
**низ РМ за ученици од деветто одделение**
**при ООУ „Ванчо Прке – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од деветто одделение при ООУ „Ванчо Прке"– Делчево бр.10-130/2 од 13.09.2016.
2. Мислењето да се достави до Училиштниот одбор на ООУ „Ванчо Прке" – Делчево.

**Број 09-2266/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**10.**Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево"), Советот на Општина Делчево, на својата 42.редовна седница, одржана на ден 30.09.2016 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај**
**за работата на**
**ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево 2015/2016**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за учебната 2015/2016 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-2267/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**11.**
Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево"), Советот на Општина Делчево, на својата 42.редовна седница, одржана на ден 30.09.2016 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната програма за работа на**
**ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за 2016/2017**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за 2016/2017 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-2268/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**12.**
Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево), Советот на Општина Делчево, а

согласно Одлуката за продажба на дотраени средства и материјали од реновирање на училишен објект на УО на ООУ „Св.Кл.Охридски" бр.02-201/15 од 04.04.2016, Советот на Општина делчево, на својата 42.редовна седница, одржана на ден 30.09. 2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на ООУ „Св.Климент Охридски"**
**за продажба на дотраени средства и материјали**
**од реновирање на училишен објект**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на ООУ „Св.Климент Охридски" за продажба на дотраени средства и материјали од реновирање на училишен објект.

Член 2

Продажбата на материјалот од член 1 на одлуката ќе ја изврши Комисија формирана од страна на УО на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево со Одлука бр.02-201/4 од 04.04.2016, согласно утврдениот Ценовник од нивна страна, кој е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гланик на Општина Делчево".

**Број 09-2269/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов ,с.р.**

**13.**Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 42.редовна седница, одржана на ден 30.09.2016 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај**
**за работа на**
**СОУ „М.М.Брицо" 2015-2016**

1. Се усвојува Годишиот извештај за работа на СОУ „М.М.Брицо"за 2015/2016 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-2270/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**14.**
Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 42.редовна седница, одржана на

ден 30.09. 2016 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната програма**
**за работа на**
**СОУ „М.М.Брицо" 2016/2017**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на СОУ „М.М.Брицо"за 2016/2017 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-2271/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**15.**
Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и точка 13 алинеја 6 од Одлуката за донесување на единствена Методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди бр.23-4922/1 од 21 август 2001 („Сл.весник на РМ" бр.75/2001), Советот на Општина Делчево, на својата 42.седница, одржана на ден 30.09.2016 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на Елаборат за процена на штети од ниски
температури во КО Делчево, КО Тработивиште, КО Чифлик
КО Киселица, КО Вратиславци, КО Турија, КО Ѕвегор
КО Стар Истевник, КО Стамер, КО Вирче, КО Град, КО Бигла
КО Илиово, КО Драмче, КО Разловци, КО Нов Истевник
КО Ветрен и КО Габрово настанати во периодот 25-29. април2016

1. Се усвојува Елаборатот за за процена на штети од ниски температури во КО Делчево, КО Тработивиште, КО Чифлик, КО Киселица, КО Вратиславци, КО Турија, КО Ѕвегор, КО Стар Истевник, КО Стамер, КО Вирче, КО Град, КО Бигла,КО Илиово, КО Драмче, КО Разловци, КО Нов Истевник,КО Ветрен и КО Габрово настанати во периодот 25-29. април2016.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево.

**Број 09-2272/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**